# AERTH RACING

# БИЛТЕН

Околу тимот,
натпреварот, успеси за
сезона 2021/2022,
идни кампањи и
проекти за сезона
2022/2023

# AERTH RACING

Сезона **2021/22/23**

## ЗА НАС

**Аерт рејсинг (Aerth racing)** е првиот Македонски тим кој учествуваше во светското финале на натпреварот **Формула 1 во училиштата (F1 in Schools)**, изминатата година во Лондон, Велика Британија. Нашиот тим е составен од 6 млади и амбициозни индивидуи каде секој од нас се карактеризира со одредени вештини, специјализирани во своето поле на работа, со единствена и заедничка цел – да се претстави нашата држава во најдобро светло на светски позната сцена, притоа покажувајќи што нашата младина има да понуди во делот на технологијата, инженерството и науката.

## ЗА НАТПРЕВАРОТ

**Формула 1 во училиштата** (F1 in Schools) е меѓународен **STEM** натпревар (наука – **s**cience, технологија – **t**echnology, инженерство – **e**ngineering, математика - **m**athemathics). На натпреварот може да учествуваат деца на училишна возраст (11-19 години) во кој групи од 3-6 ученици треба да дизајнираат и изработат минијатурен модел – болид од официјалниот **F1 Model Block**. Болидите треба да се изработени по опсежни прописи, на сличен начин како во вистинската Формула 1. Автомобилите се напојуваат со касети CO2 и се прикачени на патеката со најлонска жица. Тие се темпирани од моментот кога ќе бидат лансирани до кога ќе ја поминат целта, користејќи компјутер.



# AERTH RACING

Сезона 2021/22/23




## УСПЕСИ ЗА СЕЗОНА 2021/22

Минатата година Аерт Рејсинг имаше успешно деби на Ф1 во училиштата, каде што и покажавме на нашата конкуренција за што сме способни, а притоа се надоградивме со многу знаења и интересни искуства кои што ќе ни помогнат да бидеме по жесток конкурент во наредните натпреварувања.

По долгата и напорна работа, Аерт Рејсинг го освои 24то место од 53 доста умешни конкуренти, што, како прв македонски тим кој се натпреваруваше на овој меѓународен натпревар, за нас претставуваше огромен успех. Освен тоа, нашиот тимски менаџер беше препознаен како еден од најпотенцијалните идни лица на Формула 1 сцената, поради неговиот неизмерен труд и постојана работа.





Ние се пробивме и на домашната сцена, каде што покрај помошта од многуте спонзори, имавме доста изложување на големите медиуми како и дополнителна маркетиншка отвореност.

# AERTH RACING

Сезона 2021/22/23

## ИДНИ ПЛАНОВИ И КАМПАЊИ

Нашите кампањски активности се разгрануваат во 5 сфери:

1. Целата работа направена од нашиот тим е многу еколошка и без отпад и спаѓа во склоп со нашето мото – **100% HUMAN (100% ЧОВЕК)**.

2. Сите наши логистички и транспортни активности се покоруваат на Акцијата на FIA за безбедност на патиштата, каде што нашиот тим спаѓа како дел од нивната кампања.

3. Нашата кампања за финансиска економска самоодржливост промовира респектабилна употреба на нашите ресурси, правилно пресметани и дистрибуирани според потребите.

4. Ја промовираме родовата еднаквост помеѓу машките и женските работници и го поттикнуваме вклучувањето на жените во мотоспортот.

5. Вклучени сме во едукација на деца без родители и социјално загрозени деца, давајќи им можности и доближувајќи им го Ф1 светот, притоа на секои донирани 100 €, донираме по 1 € во СОС Детското Село.







# AERTH RACING

Сезона 2021/22/23

Идни планови и кампањи



### КАМПАЊА ЗА ЕКОЛОШКО РАБОТЕЊЕ – 100% HUMAN

Со нашата цел да ја донесеме овогодинешната титула, под нашето мото 100% човечки, Aerth Racing промовира и учествува во голем број кампањи за градење на еднаков, безбеден и слободен свет без отпад. Ние веруваме дека нашиот тим претставува многу повеќе од само тркачка организација и дека имаме способност да имаме позитивно влијание врз нашата заедница.

Имајќи неколку идеи, како тим планираме да ги спроведеме што е можно поскоро за да ја подобриме животната средина во која живееме. За секои донирани 1000 € членовите од нашиот тим садат дрво во нашиот град. Притоа ја подигнуваме свеста преку социјалните медиуми, идни настани како што е планираниот во месец мај во East Gate Mall. Користиме материјали за повеќекратна употреба како градежни блокови за нашиот модел на автомобил. Документираме се што е напишано погоре и го промовираме преку социјалните мрежи за да ја подигнеме свеста и да покажеме дека можеме да го промениме светот на подобро.

AERTH RACING TEAM

# AERTH RACING

Сезона 2021/22/23

Идни планови и кампањи

## КАМПАЊАТА НА FIA - FIA ACTION FOR ROAD SAFTEY

Под кампањата на ФИА, FIA Action For Road Saftey (Акција на ФИА за Безбедност на Пат), која АЕРТ ригорозно ја почитува и спроведува, како дел од истата поради учеството на Ф1 во училиштата, за време на целиот проект се обидуваме да бидеме внимателни при нашите логистички и транспортни акции. Во сообраќајот внимаваме на максимално можно ниво, притоа користејќи најчесто јавен превоз за заштита на животната средина и движејќи се по сите правила и прописи.




## ШТО ПРЕТСТАВУВА КАМПАЊАТА НА FIA?

Кампањата на ФИА „Акција за безбедност на патиштата“, започната како поддршка на Декадата на ОН за акција за безбедност на патиштата, се заснова на околу 4 клучни приоритети:

1.Застапување на највисоките нивоа – ФИА разви клучни работни односи со меѓународните институции како што се ОН, Светската здравствена организација, Европската унија и Светската банка и владите ширум светот.

2.Акција на клубовите на теренот – ФИА ја поддржува својата клубска мрежа преку Грант програмата на ФИА. Основана во 2012 година, Програмата за грантови работи со клубови за подобрување на безбедноста на патиштата на локално ниво.

3.Моторни спортови и безбедност на патиштата – ФИА ја мобилизираше заедницата за моторни спортови за да ја промовира акцијата на ФИА за безбедност на патиштата.

4.Кампањи и партнерства - ФИА започна свои иницијативи, како што се 10-те златни правила и онлајн ветување во својата мисија да ги направи патиштата побезбедни. За да се мобилизира за каузата, ФИА исто така воспостави бројни институционални и корпоративни партнерства со водечките актери.

# AERTH RACING

Сезона **2021/22/23** Идни планови и кампањи

### КАМПАЊА ЗА ФИНАНСИСКА ЕКОНОМСКА САМООДРЖЛИВОСТ

Нашата кампања за финансиско-економска самоодржливост промовира да сите непотребни и избежни трошоци да се избегнат. За времетраењето на проектот ригорозно и стриктно се почитува оваа програма.

Бидејќи нашата кампања за економска самоодржливост има за цел да ги намали непотребните трошоци, ние се стремиме да бидеме економични со нашите одлуки. Затоа, секоја голема деловна одлука што ја донесуваме е темелно обмислена и одобрена од нашиот менаџер за одржливост, менаџер за набавка и менаџер за маркетинг.




Нашите планови да останеме по економски самоодржливи се во склоп на:

1. Водење CBA - Cost-Benefit Analysis (Анализа на трошоци и придобивки) Анализата на трошоци и придобивки е процес на споредување на проектираните или проценетите трошоци и придобивки (или можности) поврзани со одлука на проектот за да се утврди дали има смисла од деловна перспектива.
2. Да бидеме внимателни и свесни за нашиот буџет, да внимаваме да не трошиме ништо и воопшто да не трошиме пари на работи што не ни се потребни.
3. Гледајќи долгорочно, поставувајте прашања како: Дали ќе ни треба ова во иднина или е за еднократна употреба? Како тоа купување ќе влијае на нашиот буџет? итн.
4. Разгледување на алтернативи кои исто така би одговарале на нашите барања, но се поекономични.

# AERTH RACING

Сезона 2021/22/23

Идни планови и кампањи

**КАМПАЊА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ПОМЕЃУ МАШКИТЕ И ЖЕНСКИТЕ РАБОТНИЦИ ВО АВТОМОТОСПОРТОТ**

Како организација која се залага за родова еднаквост ние токму ја поддржуваме и ја промовираме родовата еднаквост помеѓу машките и женските работници и го поттикнуваме вклучувањето на жените во мотоспортот, преку кампањата на FIA – Women In Motosport (ФИА – Жените во Мотоспортот).

Токму затоа, ние нашата иницијатива не ја лимитиравме и по доста пријави за маркетинг менаџер две години по ред се одлучивме за две млади, амбициозни и неизмерно способни девојки кои со голема заинтересираност во мотоспортот му помогнаа на нашиот тим да се промовира на најдобриот можен начин.

FIA WOMEN IN MOTORSPORT

#WomenInMotorsport




Комисијата за жени во моторспортот беше создадена во 2009 година со цел:

1. Да се покаже дека жените се препознаени од највисокото тело одговорно за моторниот спорт.
2. Мотоспортот е отворен за жените во сите негови аспекти, без разлика дали се натпреварувачки, функционери, менаџери на тимови, инженери, механичари итн.
3. Да се промовира местото на жените во мотоспортот преку медиуми, меѓународни настани, партнери и засегнати страни.
4. Да се развијат социјални и образовни програми, со цел да се поттикне поголемо учество на жените во мотоспортот.
5. Да се развие свесност кај младите жени (возачи, службеници, професионалци, клиенти) за проблемите со безбедноста на патиштата.

# AERTH RACING

Сезона **2021/22/23**

Идни планови и кампањи

**КАМПАЊА ЗА ЕДУКАЦИЈА НА ДЕЦА БЕЗ РОДИТЕЛИ И СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ДЕЦА**

Отсуството на стабилно, заштитно семејство ги изложува децата на повеќе фактори на ризик. Нивниот физички, психолошки и социјален развој може да биде попречен од недоволната исхрана, немањето пристап до образование или здравствена заштита и недостатокот на емоционална поврзаност и поддршка што му е потребна на секое дете.

**БЕЗ ГРИЖЛИВ И ЗАШТИТНИЧКИ РОДИТЕЛ, ДЕТЕТО Е ПОРАНЛИВО НА ЗАПОСТАВУВАЊЕ, ЗЛОУПОТРЕБА, ДИСКРИМИНАЦИЈА, ЕКСПЛОАТАЦИЈА И СИРОМАШТИЈА.**

Токму тука настапуваме и ние, Аерт Рејсинг, каде преку нашето широко знаење и огромна запознаеност за F1 светот би сакале да ги едуцираме младите деца без родители и да ги запознаеме со истиот. Преку тоа, ќе дојде до откривање на млади таленти во F1 светот кои може да развијат големи и успешни кариери, кои би останале неоткриени и истрошени таленти. Освен таа едукациона програма и тие предавања, како дополнителна финансиска помош, за секои 100 € донирани на нашата организација ние би издвоиле 1 € за СОС Детското Село.



# AERTH RACING

Сезона 2021/22/23

Идни планови и кампањи

### УЧЕСТВО НА F1 IN SCHOOLS – СЕЗОНА 2023

Поради успесите и нашата задоволност од учеството на F1 in Schools за минатогодишната сезона, нашиот тим одлучи повторно да учествува во истиот.
Со повеќе сили, амбиција и поголеми планови, започнавме со работа 4 месеци порано со еднаква ангажираност на сите членови од тимот. Дизајнирање на нов модел – болид, барање на спонзорства, ребрандирање, грижење за околината се едни од многуте активности кои нашиот тим ги превзема оваа сезона.





Како една непрофитна организација, нашите спонзорства и финансиски средства се пренасочуваат кон една цел – освојување на златото и претставување на нашата држава во најдобро светло.